Република Македонија
**Министерство за здравство**

Бр. 19-5910/3
26-10-2017 година

Министерство за здравство

50-та Дивизија бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

**ДО**

**Здружение ХОПС**
**Опции за здрав живот Скопје**
ул. Христо Смирненски бр. 48

**ПРЕДМЕТ:** Известување

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис пратен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија,а во врска со објавениот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, кој се однесува на предлог - измени на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, во делот што ја регулира медицинската употреба на канабис/коноп и нивна имплементација,Министерството за здравство известува за следново:

Со Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16), дозволено е одгледување на коноп во медицински и/или научни цели во Република Македонија. Одгледувањето на коноп е дозволено само на правни лица кои имаат одобрение за одгледување на коноп издадено од Министерството за здравство, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.
Цели на законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции се спречување и сузбивање на злоупотребата на опојните дроги и психотропни супстанции,спречување на недозволено производство и промет на опојни дроги,психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога како и заштита на животот и здравјето на луѓето.
Министерството за здравство заедно со надлежните министерства и институции, работи на предлог-законот за изменување и дополнување на законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.
Со новиот текст на законот ќе се запазат принципите,обврските и надлежостите кои се уредуваат со овој закон се со цел Република Македонија легализацијата на одгледувањето на канабисот за медицински цели го стави во законска рамка на практики прифатени од земји со долгогодишно искуство во оваа област, а сепак прилогодени на системот кој функционира во државата.

Со почит,

**МИНИСТЕР,**
**Dr.Arben Taravari**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Изработил: Даниела Петковски
Контролирал:спец.фарм.Лидија Савиќ
Одобрил: државен секретар, д-р Владимир Милошев
Кабинет на министер